МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА



# 2006

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# Содржина

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО 04
ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ 05
Локален развој на заедниците 05
Македонски градоначалници во посета на Белгија 05
Водоснабдување и санитација на заедниците 06
Граѓанската иницијатива беше пресудна 06
Адресар на општините во Македонија 06
ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ 07
Финансиски услуги 07
Обновен бизнис со заемот на МРФП 07
Нефинансиски услуги 07
ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЈА 08
Институционален развој на граѓанското општество во Македонија 08
По 15 години транзиција - од стабилизација кон граѓанско учество 09
Стратегија на Владата за соработка со граѓанските организации 09
Студиски посети за државни службеници 10
Организациски развој на актерите во граѓанското општество 10
Фокус на долгорочниот развој 11
ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ 11
Меѓурелигиска соработка во Македонија 11
Студиска посета на Северна Ирска 12
Ресоцијализација на поранешните борци 12
Работата, лек за минатото 13
БАЛКАН 13
Регионална меѓугранична соработка 13
Балканска мрежа за развој на граѓанското општество 13
СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС 14
НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ 17
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2006 18



# Мисија

МЦМС е граѓанска организација која верува во мир, хармонија и просперитет на Македонија и Балканот, засновани на универзалните принципи на граѓанското општество и партиципативната демократија, добро владеење, рамномерен социоекономски развој, меѓузависноста и културната разновидност.

МЦМС се стреми да поттикнува и предводи промени за решавање на општествените предизвици со иновации и воспоставување алтернативни модели вклучувајќи ги во главните текови.

МЦМС е граѓанска организација која верува во мир

# Цели и методи

## Долгорочни цели на МЦМС се:

- Рамномерен и одржлив економски развој кој води во социјална кохезија и намалување на сиромаштијата преку рурален и регионален развој, вработување, претприемништво, образование и пристап до јавни сервиси;
- Диверзифицирано и вкоренето граѓанско општество кое промовира вклученост на голем број интересни групи кои влијаат на главните текови на општественото живеење;
- Праведно и демократско општество засновано на принципите на добро владеење, децентрализиран систем на управување и висок степен на доверба;
- Прифатена културна разновидност, меѓузависност и дијалог одразени во сите сфери на јавниот живот;
- Воспоставени партнерства за развој и зајакнат социјален капитал.

## МЦМС активностите ги остварува преку:

- Застапување;
- Развој на капацитетите;
- Вмрежување и партнерство;
- Кофинансирање;
- Информации – односи со јавност.

МЦМС е член на:

ECOSOC

ACT International

CIVICUS

Балканска мрежа за развој на граѓанското општество

ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА





# ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Оваа, 2006 година, ја одбележаа редовните парламентарни избори (одржани на почетокот на јули). Владата правеше напори да ги поправи резултатите во економијата и да најави нови проекти и инвестиции, додека опозицијата критикуваше за лошата состојба, големата невработеност и сиромаштијата, како и за корупциските афери. Изборната трка, по која дојде до смена на власта, го сврте вниманието од реформите. Дополнително, се влоши и контекстот за граѓанските организации. Владата посветува малку внимание на финансиската поддршка на граѓанскиот сектор. Досегашната практика, која продолжи и во 2006 година, е буџетска помош од 15 милиони денари за околу 100 организации. Со повлекувањето на досегашните донатори, се намали и поддршката од меѓународните организации и фондови. Во најголемите организации падот е во просек над 20%. Со оглед на тоа што ЕУ нема предвидено посебни средства за оваа намена за следните две години, може да се очекува натамошен пад на финансирањето.

МЦМС во 2006 година имаше вкупен обем (портфолио) од 72 проекти и буџет од приближно 90 милиони денари.

МЦМС, покрај стандардното портфолио, го започна и спроведувањето на две програми одобрени од ЕУ кон крајот на 2005 година Стратегија на Владата за соработка со граѓанските организации (СГО) и Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БНТ). Во овој период ЕУ - ЕАР одобри финансирање на програмата Платформа на граѓанските организации во Македонија.

МЦМС посебно внимание посвети на сопственото реструктуирање за прилагодување на промените во контекстот, како и на подготовката за генералната политика и стратешката ориентација за периодот 2007 – 2010 година.

Како одраз на намалената поддршка во 2006 година се одржа последната средба на Конзорциумот за Македонија, конзорциум од агенции поврзани со Светскиот совет на црквите, кој беше главен поддржувач на МЦМС во периодот од 1994 до 2006 година. Три агенции, ЕЕД, Германија, НЦА, Норвешка, ДЦА, Данска, ќе ја продолжат поддршката на билатерална основа.

Соработката со многу и различни партнери, која е една од главните карактеристики на работата на МЦМС, продолжи со редовен интензитет и во овој период. Најзначаен настан беше приемот на МЦМС за член со консултативен статус во Економско-социјалниот совет на Обединетите нации, во јули 2006 година.



Наташа Габер-Дамјановска



Сашо Клековски

Владата посветува малку внимание на финансиската поддршка на граѓанскиот сектор. Досегашната поддршка е буџетска помош од 15 милиони денари за околу 100 организации.

# Локален развој на заедниците

Целта на програмата е подобрени услуги за граѓаните во заедниците.

Во текот на 2006 година беа спроведени активности за воспоставување партиципативни пристапи во заедниците; за подобрување на транспарентноста во работата; за градење јавна поддршка за руралните и други мали заедници и поттикнување иновации и активности за решавање на проблемите во заедниците. Со програмата беа опфатени општините Штип, Крива Паланка, Дебар, Центар Жупа, Долнени, Могила, Карбинци, Лозово, Старо Нагоричане, Сарај, Јегуновце, Желино, Чашка, Теарце, Конче и руралните подрачја на општините Велес и Прилеп.

„Во Белгија видовме добра комуникација меѓу локалната и централната власт. Кај нас тоа недостасува."

## Македонски градоначалници во посета на Белгија

Градоначалниците на општините Дебар, Штип, Крива Паланка и Центар Жупа, како и четворица претставници од нивните општини беа во студиска посета во Белгија. Домаќин на студиската посета беше Балканактие (Балканацтие).



Ќе им помогнат ли странските искуства на македонските градоначалници во развојот на нивните општини

„Го посетивме Ипер, како пример за развој на туризмот преку искористување на културно-историското наследство. Во Лиеж ја посетивме изградбата на локалниот карго-аеродром и изградбата на железничката станица наменета за супер брзи возови. Ст. Труден беше пример за развој на земјоделството, а во Тиенен се запознавме со стратегијата за локален развој. Дел од искуствата ќе можеме да ги примениме во нашиот локален економски развој", рече Драги Трајчевски, градоначалник на општината Крива Паланка. „Во Белгија видовме добра комуникација меѓу локалната и централната власт. Кај нас тоа недостасува. Позитивните примери од надвор недоволно се применуваат", ни кажа Нузи Шахин, градоначалник на општината Центар Жупа.

# Водоснабдување и санитација на заедниците

Целта на програмата е обезбедување пристап до вода за пиење и соодветно одведување на отпадните води. Во текот на 2006 година беа стопирани сите активности во оваа програма освен проектот „Водоснабдување на с. Крушопек", кој беше реализиран во соработка со УСАИД.

## Граѓанската иницијатива беше пресудна

„Селото Крушопек е последното село во општината Сарај кое нема водовод и здрава вода за пиење", рече Имер Селмани, (тогашниот н.з.) градоначалник на општината Сарај, при потпишувањето на меморандумот за соработка меѓу претставниците на општината, жителите на Крушопек, МЦМС и УСАИД.

„Ова само докажува дека секогаш кога има граѓанска иницијатива, кога граѓаните се подготвени да издвојат средства од нивните семејни буџети, секогаш се наоѓа партнер кој ќе ја поддржи нивната идеја и ќе се приклучи кон проектот", додаде Селмани.

„Ние имаме вода во куќата, но нашите соседи немаат", вели Фатима Нуиши од Крушопек. „Знам колку е тешко без вода затоа што и јас сум ја поминала таа мака. Пред да се омажам, живеев во другиот крај на селото, Лока, и мака мачевме со водата. Освен што моравме да переме на раце и ги немавме битните удобности, не знаевме дека водата не е исправна, па ја користевме за пиење и готвење. Тие луѓе и денес не можат да ја пијат таа вода, па доаѓаат во овој дел од селото за да наполнат вода. Крајно време беше да се реши тој проблем", вели Фатима.

Доведувањето здрава вода за пиење до жителите на Крушопек ќе чини 280.084 американски долари кои ќе ги обезбедат селаните и општината (81.460), УСАИД (98.625) и МЦМС (99.999).

„Освен што моравме да переме на раце и ги немавме битните удобности, не знаевме дека водата не е исправна, па ја користевме за пиење и готвење", вели Фатима Нуиши од Крушопек



И жителите на Крушопек ќе добијат чиста и здрава вода за пиење

## Адресар на општините во Македонија

Новиот Адресар нуди интересни информации за сите 84 општини и градот Скопје. На 246 страници, освен основните контакти, презентирани се и демографските податоци, структурната поставеност на општината и податоците за институциите што се под ингеренција на општината.



# ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ

МЦМС е основач на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП). МРФП ги спроведува планираните активности од Стратешкиот план преку програми Финансиски услуги, Нефинансиски услуги, Потсекторски развој и Платформа за развој на мали и средни претпријатија.

Опфатени се 41 мало претпријатие и 676 микропретприемачи.

## Финансиски услуги

Целта на програмата е подобрување на пристапот до финансиски услуги за развој на микро и малите бизниси.
Во 2006 година со програмата се опфатени 41 мало претпријатие и 676 микропретприемачи. Вкупниот исплатен износ е 2.773.530 евра.

### Обновен бизнис со заемот на МРФП

Браќата Трпеноски од Биотла, веќе 20 години, произведуваат врати и прозорци од дрво. Во нивната фабрика „Молика", заедно со вработените, интензивно работат за да ги задоволат потребите на нивнте клиенти.
Заемот од кредитната линија на МРФП, во износ од 38.000 евра, го обезбедиле преку финансискиот посредник ИК Банка. Со средствата ги купиле речиси сите машини коишто ги поседуваат сега. Целата стара опрема била уништена во пожар. Во фабриката сега се вработени 20 работници. Со новите машини се зголемил и бројот на вработените. Целото производство го пласираат на домашниот пазар.



Целото производство се пласира на домашниот пазар

## Нефинансиски услуги

Целта на програмата е да се зајакнат капацитетите на актерите во секторот ММП.

Во 2006 година беа поддржани програмски активности на 7 здруженија и асоцијации на претприемачи, а 54 млади Роми и 138 поранешни борци поминаа низ стручно усовршување. Беа реализирани 2 студиски патувања за раководење на акредитираните финансиски институции.

Годишниот извештај на МРФП и финансискиот извештај можете да го најдете на www.mrfp.org.mk

# Институционален развој на граѓанското општество во Македонија

Целта на програмата е креирање овозможувачка околина и поддршка за понатамошен развој на граѓанското општество и подобрени резултати на актерите на граѓанското општество во Македонија. Во текот на 2006 г., беа издадени 11 броја на списанието Граѓански свет, беа одржани два регионални НВО Саеми во Струмица и во Гостивар, беа организирани тркалезна маса и форуми на темата „Граѓанското општество, политичките партии и изборите", беше реализирана заедничка активност на десет организации за објава на годишните извештаи.

## По 15 години транзиција - од стабилизација кон граѓанско учество

Индексот на граѓанското општество (ИГО) е истражувачки проект, кој ја проценува состојбата на граѓанското општество во земјите низ светот. Проектот истовремено се спроведува во над 50 земји, а го координира меѓународната мрежа на граѓанско општество ЦИВИКУС - Светска алијанса за граѓанско учество. Целите на истражувањето, формулирани од Цивикус, се да се зајакне одржливоста на граѓанското општество и да се промовира и зајакне неговиот придонес кон позитивните општествени промени.

Дијаграмот, што ја визуелизира состојбата на македонското граѓанско општество во форма на дијамант, покажува дека граѓанското општество во Македонија е умерено добро развиено. Практиката и промовирањето на позитивните вредности се јаката страна на граѓанското општество, па оттука ја создаваат основата за неговите достигнувања и влијанието. Околината е до одреден степен ограничувачка, со делумно неефикасна држава и со длабок недостаток на јавна доверба и јавен дух. Ова од своја страна негативно влијае на структурата на граѓанското општество, кое може да се опише како умерено во големина и небалансирано во својот состав.

Македонија има мал број граѓански организации. Според ИГО, 2.85 организации на 1000 жители. За споредба, во Хрватска ги има 9.25 на 1000 жители.



# Стратегија на Владата за соработка со граѓанските организации

Целта на програмата е да ѝ се даде поддршка на Владата во развојот и спроведувањето на кохерентна долгорочна политика и стратегија која ќе ѝ помогне на Владата во соработката со граѓанското општество.

Во текот на 2006 година беше подготвена предлог-стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. Во процесот на подготовка на стратегијата, покрај владиното Одделение за соработка со невладините организации, претставници на неколку министерства и државни институции и експерти, беа вклучени и голем број претставници на граѓанските организации од земјава. Се одржаа 6 консултативни работилници во Скопје, во Струга, во Гостивар, во Струмица и во Штип на кои учествуваа 316 претставници од 268 граѓански организации. Во рамките на програмата за персоналот на Одделението и други службеници од релевантните владини институции беа организирани и две студиски посети во Унгарија и во Данска.

На 6 консултативни работилници во Скопје, во Струга, во Гостивар, во Струмица и во Штип на кои се расправаше околу предлог-стратегијата учествуваа 316 претставници од 268 граѓански организации.

## Студиски посети за државни службеници

Претставниците на Работната група на Проектот „Техничка поддршка на Одделението за граѓанско општество во Владата на Република Македонија" беа дел од две студиски посети во Унгарија и Данска.  Целта беше да се споделат најдобрите практики на соработката на Владите на Унгарија и на Данска со граѓанскиот сектор.

Во Унгарија, на учесниците им беше презентиран Секторот за граѓански односи кој ја има улогата на подготвувач и спроведувач на Стратегијата за соработка со граѓанските организации. Тие дознаа кои се конкретните механизми за соработка и распределба на средства меѓу Министерството за локални управи ирегионале развој и граѓанските организации, се запознаа со начинот на функционирање на Законот за 1% филантропија.



Од студиската посета во Данска

Данска беше поинаков пример. Традицијата и високиот степен на доверба меѓу луѓето во општеството се основниот фактор за развиено граѓанско општество и вкоренета свест за истото. Расправата по одредени иницијативи, промени или законски решенија се одвива заеднички со целата јавност и се подразбира дека и граѓаните и граѓанските организации се вклучуваат во процесот на носење на одлуките без посебни регулативни механизми за тоа.

# Организациски развој на актерите во граѓанското општество

Целта на програмата се развиени организациски и институционални капацитети на граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество.
Со програмата беа опфатени вкупно: 567 учесници во рамките на обуките и консултациите, од кои 281 мажи и 286 жени. На редовните обуки учествувале 102 учесника (50 мажи, 52 жени), а на скроените курсеви, работилници и консултации - 465 учесници (231 мажи и 234 жени).

Во 2006 година обуките ги посетиле 567 учесници

## Фокус на долгорочниот развој

Македонскиот центар за меѓународна соработка за ОБСЕ спроведе серија обуки и работилници кои на вкупно 111 претставници на граѓански организации и единици на локалната самоуправа (45 од Тетово и 66 од Куманово) треба да им овозможат да ги изградат сопствените капацитети за стратешко планирање и да подготват стратегија за своите организации.
Тетово и Куманово, како дел од поранешните кризни региони, се опфатени со активностите на ОБСЕ за градење на довербата. За натамошно хармонизирање на односите, потребно е заедничко дејствување на различни актери, меѓу кои клучна е улогата на граѓанските организации. И во двете општини постојат граѓански организации кои работат со ентузијазам на решавање на проблемите во заедниците, но потребно им е зајакнување на капацитетите.



Обуката требаше да ја крене свеста на учесниците за стратешко планирање

„Што се однесува до корисноста, односно применливоста, мислам дека обуката може да се искористи во повеќе сегменти. На лично ниво, тоа е за ориентација и самоанализа каде сме и во кој правец се движиме. На професионален план и на планот на граѓанското движење, тоа е дали соодветно на нашата мисија и визија се движат и нашите активности, односно нашето дејствување", смета Маргарита Аврамовска, членка на УО на ХЗ „Мајка" од Куманово.
Обуката има за цел да им го сврти вниманието на организациите кон променливиот контекст во кој дејствуваат тие, да ја покрене свеста за потребата од стратешко планирање и потребата да се фокусираат на долгорочниот развој на своите организации.

# ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

## Меѓурелигиска соработка во Македонија

Целта на програмата е да се зголеми меѓусебното разбирање помеѓу верските заедници и разбирањето за нив во македонската јавност, воопшто.

Беа реализирани девет разменски предавања на Православниот богословски факултет (ПБФ), на Факултетот за исламски науки (ФИН), на Филозофскиот факултет и во Еврејската синагога во Скопје; беа поддржани канцелариите за меѓурелигиска соработка на Богословскиот факултет и на Факултетот за исламски науки; се одржа меѓународна меѓурелигиска конференција во Струмица; беше организирана студиска посета во Северна Ирска; беше организиран летен камп во Струга; издаден Билтенот за меѓурелигиска соработка; емитувана е радиоемисијата „Амин"; издадени се публикациите „Исламот и другите религии" и „Вистинска љубов", како и меѓуверските календари.

Девет разменски предавања се одржаа на Богословскиот факултет и на Факултетот за исламски науки

### Студиска посета на Северна Ирска

Есента 2006 година, 13 високи претставници од црквите и од верските заедници во Р. Македонија и претставници од Комисијата за односи со верските заедници, беа во студиска посета на Белфаст, Северна Ирска. Тие посетија неколку верски и други институции во Белфаст, како и конфликтни подрачја. Посетите придонесоа учесниците да стекнат искуство кое во иднина ќе им послужи во меѓуверскиот дијалог и соработката во Македонија.

„Позитивното искуство коешто го донесов од таму е тоа што забележав кај сите луѓе, без оглед на нивната верска припадност, дека постои огромна желба за надминување на сите тие проблеми за да живеат еден ден повторно сите нормално", изјави хазан Ави Козма од Еврејската заедница во Македонија.



Учесниците во студиската посета ги посетија конфликтните подрачја во Белфаст

# Ресоцијализација на поранешните борци

Целта на програмата е да се се ресоцијализираат поранешните учесници во воените активности (поранешните борци) во конфликтот во Македонија од 2001 година, од двете страни на конфликтот – членовите на владините безбедносни сили (Полицијата и Армијата) и Ослободителната национална армија (ОНА), преку директна помош (обука за основни вештини, стручна обука и обука на работно место), психо-социјална поддршка и градење на капацитетите на нивните здруженија. Во текот на 2006 г. се спроведоа обуки за англиски јазик и за компјутери.

Вкупно 569 корисници учествуваа на обуките, а дополнителни 102 беа обучени на доброволна основа. Со обуката на работно место беа опфатени 138 корисници, а 30% од нив беа задржани на работа по завршувањето на обуката.

# Работата, лек за минатото

„По конфликтот во 2001 година, останав инвалид и имав три операции на ногата. Ми беше многу тешко на најдам некоја работа, дури и кај мои блиски", ја започна својата приказна Абдурахман Рамани од Тетово, член на Здружението на ветераните на ОНА.

Абдурахман и уште неколку членови од здружението учествуваа на обуката низ работа, организирана од МЦМС, која се спроведе во фабриката за мебел „Хелга компани", во Тетово. „Секој почеток е тежок, но човек се навикнува. Откако ја завршивме обуката, мене ме распоредија во продажниот салон", вели Рамани. „Имам многу другари од војната кои се без работа и преку цел ден немаат што да прават. Во таква состојба човекот не знае што да направи со себеси", вели Абдурахман.

И членовите на Здружението на бранителите на Македонија беа вклучени во истиот проект. „Кога ја добивме понудата за програмата, имаше отпор", раскажува Ацо Стојановски, претседател на здружението и поранешен учесник во конфликтот. Сметавме дека државата треба да не поддржи и да се грижи за ресоцијализацијата. Другиот проблем беше што некои од членовите на Здружението не сакаа да бидат заедно во програмата со припадниците на ОНА. Но, со текот на времето успеавме да го надминеме тоа и ја прифативме поканата за вклучување во програмата", додава Ацо.




„Секој почеток е тежок, но човек се навикнува", вели Абдураман Рамани

Со обуката низ работа беа опфатени 86 лица. „Луѓето излегоа од дома и беа во контакт со другите. Успеаја да го скршат мразот и да направат нешто за себе и за семејството", вели Стојановски. „Обуката беше како едно светло на крајот на тунелот. Тоа ги натера полека да се вратат во живот", ни кажа претседателот на Здружението на бранителите, Ацо Стојановски.

# Регионална меѓугранична соработка

Целта на програмата е да се подобри меѓуграничната соработка преку зголемување на соработката помеѓу локалните власти и грѓанските организации од трите меѓугранични региони.

Беа реализирани три работилници за подготовка на акциски планови во Албанија, во Косово и во Македонија. Плановите за локален развој, кои беа изготвени на работилниците, беа публикувани и како завршна активност реализирана беше работилницата „Научени лекции и идни активности за соработка во прекуграничното подрачје Албанија-Косово-Македонија", која се одржа во Призрен, Косово.

Меѓуграничната соработка може да се подобри со соработка на локалните власти и граѓанските организации

# Балканска мрежа за развој на граѓанското општество

Целта на програмата е да ги зголеми индивидуалните и организациските капацитети на релевантните граѓански организации од Балканот и нивната соработка.

Во текот на годината беа реализирани четири обуки, по две во Албанија и во Србија. На обуката за вмрежување и партнерство и на обуката за мобилизација на ресурси учествуваа 34 учесника. Беше организирана студиска посета во институциите на ЕУ, како и разменска посета на членките организации. Веб-страницата редовно се одржуваше и се издаваше електронскиот месечен билтен. Во рамките на програмата беше објавена публикацијата „Прирачник за вмрежување и партнерство".



Обуките придонесоа и за размена на искуства

# СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС

## Соработка

Соработката на МЦМС со домашните граѓански организации во овој период се интензивира. Се интензивира и соработката со Владата, во функција на подготовка на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор. Во октомври се одржа последната средба на Конзорциумот во овој состав и облик. Најзначаен настан од соработката во овој период беше приемот на МЦМС за член со консултативен статус во Економско-социјалниот совет на Обединетите нации. ЕКОСОК.

## Односи со јавноста



Од отворените денови на МЦМС

За првпат во 2006 година беа организирани „Отворени денови на МЦМС”. Тие се одржаа во Скопје, во Гостивар, во Прилеп, во Куманово и во Штип беа презентирани постигнувањата за 2005 и планот за 2006 година. Презентациите беа направени пред новинарите, пред претставниците на граѓанските организации и локалната самоуправа. Отворените денови на МЦМС ги посетија вкупно 101 посетител. Издадени се 5 броја на Билтенот на МЦМС и Годишниот извештај за јавноста за 2005 година. Во текот на 2006 година беа остварени вкупно 108 настапи во медиумите.

## Мобилизација на фондови

МЦМС подготви неколку пријави за мобилизација на средства. Одобрени се пријавите за: програмата Применето образование за младите Роми, од ДЦА; програмата Институционален развој на граѓанското општество во Македонија, од ДЦА; програмата Меѓуверска соработка во Македонија, од НЦА и ДЦА; програмата ИГО заедно со ГПМ, од ЕАР; програмата Локален развој на заедниците, од белгиската влада; листата како испорачувачи на обуки за Министерството за образование и наука на РМ. МЦМС конкурира и како дел од конзорциумот кој победи на повикот на УСАИД за развој на образованието; повик на ЕУ за децентрализација на раководењето со техничката помош (од ЕАР во Министерството за финансии) - учество во конзорциум предводен од италијанската консултантска куќа ИФОА (во тек).

## Управен одбор

1. **Наташа Габер-Дамјановска**, претседавач
   доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
2. прота **Драги Костадиновски,**
   заменик-претседавач
   архиерејски заменик и генерален секретар на „Милосрдие", агенција на Македонската православна црква
3. **Билјана Герасимовска-Китановска**
   доктор по општа медицина, магистер по нефрологија, вработена во Клиничкиот центар, Скопје, претседател на ЕСЕ - Скопје
4. **Мухамед Точи**
   невработен, член на Претседателството на ХДЗР „Месечина"
5. **Зејнула ефенди Фазлиу**
   референт во Исламската верска заедница
6. **пречесен Михаил Цеков**
   пастир на Евангелско-методистичка црква во Струмица
7. **Свето Стефановски**
   новинар, главен и одговорен уредник на ревијата „Екологија"
8. **Бехиџудин Шехапи,**
   претседател на Ел хилал, Скопје
9. **Андон Марковски**
   секретар на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија
10. **Имер Селмани,**
   градоначалник на општината Сарај
   (член на УО од 2004 г. до септември 2006 г.)

## Совет

Наташа Габер-Дамјановска
Драги Змијанац
Ахмет Јашаревски
Дилбера Камберовска
Руска Мицева
Александар Михајловски
Абдурауф Пруси
Марија Стамболиева
Мерсел Џеладини
Душан Шурбановски
Ѓунер Исмаил
Келменд Зајази
Аце Коцевски
Ратко Лазаревски
Душица Перишиќ
Имер Селмани
Нафи Сарачини
Иван Тулевски
Теута Крашница-Чучкова
Драги Костадиновски
Мухамед Точи
Зејнула фазлиу
Михаил Цеков
Ѓоко Ѓоргески
Лилјана Алчева







## Персонал

На крајот на 2006 година, МЦМС во седиштето во Скопје имаше 31 соработник, или 30,8 еквиваленти на полно работно време (ЕПРВ). Во оваа година во МЦМС е примен еден соработник на работното место помлад локален експерт во програмата Стратегија за граѓанското општество, а двајца соработници спогодбено го напуштија МЦМС, заради деловни причини. За развој на персоналот, спроведени се неколку обуки.

## Извршна канцеларија на МЦМС

### ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

**Сашо Клековски**
skl@mcms.org.mk

### ГРУПА ЗА РАЗВОЈ



**Димче Митрески**
dmt@mcms.org.mk
**Александар Гумберовски**
**Миодраг Колиќ**
mkl@mcms.org.mk
**Нахида Зекирова**

### ГРУПА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ



**Тетјана Лазаревска**
tlz@mcms.org.mk
**Лазар Неданоски**
lnd@mcms.org.mk
**Лирим Хајредини**
lhj@mcms.org.mk
**Глигор Михаиловски**
gmh@mcms.org.mk
**Афродита Муслиу**
ams@mcms.org.mk

### ГРУПА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО



**Сунчица Саздовска**
ssz@mcms.org.mk
**Фатмир Битиќи**
fbt@mcms.org.mk
**Емина Нурединоска**
enr@mcms.org.mk
**Неда Малеска-Сачмароска**
nms@mcms.org.mk
**Александар Стамболиев**
ast@mcms.org.mk
**Валентина Чичева**
vch@mcms.org.mk
**Даниела Стојанова**
dsj@mcms.org.mk
**Кренар Кука**
kkk@mcms.org.mk

### ГРУПА ЗА ИНФОРМАЦИИ



**Гонце Јаковлеска**
gjk@mcms.org.mk
**Грамоз Шабани**
gsb@mcms.org.mk
**Адис Рахиќ**
arh@mcms.org.mk
**Сузан Шаќир-Сулејмани**
ssh@mcms.org.mk

### ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ И БАЛКАН



**Александар Кржаловски**
akr@mcms.org.mk
**Тања Хафнер - Адеми**
thf@mcms.org.mk
**Дервиша Хаџиќ-Рахиќ**
dhd@mcms.org.mk
**Александар Стевановски**

### АДМИНИСТРАТИВНА ГРУПА

**Милка Божиновска-Миова**
mmv@mcms.org.mk
**Мирјана Куновска**
mkn@mcms.org.mk
**Билјана Вучуревиќ**
bvc@mcms.org.mk
**Данило Митов**
dmv@mcms.org.mk
**Весна Богдановска**
vbg@mcms.org.mk

# НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers dooel
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (02) 3116 638
+389 (02) 3111 012
+389 (02) 3110 623
Facsimile +389 (02) 3116 525
www.pwc.com / mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

***До Раководството на***
***Македонски Центар за Меѓународна Соработка - Скопје***

***Извештај за финансиските извештаи***
Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка – Скопје (во понатамошниот текст Организацијата), кои што го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2006 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***
Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење**
Според наше мислење финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка - Скопје заклучно со 31 декември 2006 година, како и на неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Меѓународни Стандарди за Финансиско Известување.

Скопје
8 мај 2007
ПрајсвотерхаусКуперс дооел Скопје



## ОД КАДЕ МЦМС ГИ ОБЕЗБЕДИ СРЕДСТВАТА




## КАКО МЦМС ГИ УПОТРЕБИ СРЕДСТВАТА








# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2006

Интегралниот финансиски извештај можете да го преземете од: www.mcms.org.mk

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2006 ГОДИНА

Износите се во илјади македонски денари - МКД, 1 ЕУР = 61.1741 МКД

| Опис | Заб. | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| А. СРЕДСТВА | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Основни средства | 2 | 13,400 | 15,095 |
| Нематеријални вложувања | 3 | 350 | 350 |
| Фонд за домување | 4 | 8,436 | 7,151 |
| Вкупно постојани средства | | 22,186 | 22,596 |
| **Обртни средства** | | | |
| Парични средства | 5 | 57,982 | 68,648 |
| Залиха на стоки | 6 | 802 | 802 |
| Аванси | 7 | 13,360 | 13,703 |
| Побарувања од купувачите | 8 | 4,488 | 1,471 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 9 | 26,760 | 16,414 |
| Други краткорочни побарувања | 10 | 1,669 | 1,193 |
| Останати побарувања | 11 | 2,653 | 84 |
| Вкупно обртни средства | | 107,714 | 102,314 |
| Вкупно активни временски разгранич. | | 0 | 0 |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | | 129,900 | 124,911 |
| Б. ОБВРСКИ И ФОНДОВИ | | | |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 12а | 4,322 | 4,596 |
| Обврски спрема добавувачите во странство | 12б | 2,252 | 0 |
| Други краткорочни обврски | 13 | 1,506 | 1,906 |
| Вкупно краткорочни обврски | | 8,079 | 6,502 |
| **Пасивни временски разграничувања** | 14 | 17,616 | 17,185 |
| Вкупно пасивни временски разгранич. | | 17,616 | 17,185 |
| Вкупно обврски | | 25,695 | 23,687 |
| **Фондови и резерви** | | | |
| Фондови | 15 | 104,205 | 101,224 |
| Вкупно фондови и резерви | | 104,205 | 101,224 |
| ВКУПНО ОБВРСКИ и ФОНДОВИ | | 129,900 | 124,911 |

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ЗАВРШЕН НА 31 ДЕКЕМВРИ 2006 ГОДИНА

Износите се во илјади македонски денари - МКД, 1 ЕУР = 61.1741 МКД

| Опис | Заб. | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ** | | | |
| **Донации и грантови** | **16** | | |
| Конзорциум за Македонија | | | |
| Interchurch Org. for Development Coop., ICCO, Холандија | | 0 | 8,236 |
| ДАНИДА/ДЦА | | 8,908 | 10,735 |
| Evangelishe Zentraslstelle fur Entwicklungshilfe, EED | | 18,954 | 30,564 |
| DanchurchAid, DCA, Данска | | 3,685 | 17,288 |
| Norwegian Church Aid, NCA, Норвешка | | 11,586 | 21,755 |
| Вкупно Конзорциум за Македонија | | 43,134 | 88,578 |
| Останати партнери | | | |
| Balkan Actie | | 1,835 | 0 |
| Македонска развојна фондација за прет. (МРФП) | | 4,159 | 1,500 |
| Вкупно останати партнери | | 5,995 | 2,693 |
| Владини и меѓувладини организации | | | |
| Европска агенција за реконструкција ЕАР | | 9,642 | 4,858 |
| ЕАР/АДИ | | 1,587 | 0 |
| Европска комисија | | 4,273 | 0 |
| Амбасада на Германија во Република Македонија | | 0 | 0 |
| ОБСЕ | | 0 | 1,148 |
| Влада на Кралството Холандија | | 0 | 5,533 |
| Останати | | 2,304 | 1760 |
| Вкупно владини и меѓувладини орг. | | 17,806 | 13,299 |
| ВКУПНО ДОНАЦИИ И ГРАНТОВИ | | 66,934 | 104,571 |
| Камати | 17 | 2,320 | 3,665 |
| Позитивни курсни разлики | 18 | 280 | 360 |
| Вонредни приходи | 19 | 4,988 | 7,168 |
| Сопствени приходи | 20 | 20,776 | 18,490 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **95,298** | **134,254** |
| **Б. РАСХОДИ** | | | |
| **Добротворни расходи** | | | |
| Водоснабдување и санитација на заедниците (ВСЗ) | 21 | 0 | 22,302 |
| Локален развој на заедниците (ЛРЗ) | 22 | 6,771 | 0 |
| Применето образование за млади Роми (ПОР) | 23 | 588 | 12,211 |
| Институцион. развој на граѓанското општество (ИГО) | 24 | 10,506 | 0 |
| Поддршка на владата (СГО) | 25 | 8,172 | 0 |
| Јакнење на стратешките партнери (ЈСН) | 26 | 2,466 | 4,440 |
| Орган. јакнење на актерите на граѓанско опш. (ОРР) | 27 | 3,148 | 0 |
| Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ) | 28 | 4,440 | 2,947 |
| Споделување на моќта во општините (СМО) | 29 | 724 | 0 |
| Ресоцијализација на поранешните борци (РПБ) | 30 | 2,956 | 3,365 |
| Кампања за мобилизација на ресурси (КМФ) | 31 | 627 | 2,706 |
| Балканска мрежа за градење капацитети (БНТ) | 32 | 9,383 | 3,085 |
| Регионална меѓугранична соработка (РМС) | 33 | 20 | 7,146 |
| Граѓански советодавни центри (СЦР) | 34 | 1,105 | 7,146 |
| Вкупно добротворни расходи | | 50,906 | 85,256 |
| **Набавна вредност** | **34** | **1,862** | **1,019** |
| Вкупно набавна вредност | | 1,862 | 1,019 |
| **Оперативни расходи** | | | |
| Информации и публикации | 35 | 792 | 1,426 |
| Оперативни расходи | 36 | 38,776 | 37,223 |
| Вкупно оперативни расходи | | 39,569 | 38,649 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **92,337** | **124,924** |
| **Б И Л А Н С** | | **2,962** | **9,330** |






**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Адреса на издавачот**
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов" бб,
п.фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија
тел. 02/3065-381; факс 02/3065-298
e-mail: mcms@mcms.org.mk
www.mcms.org.mk

**Извршен директор**
Сашо Клековски

**Одговорен уредник**
Гонце Јаковлеска

**Лектор**
Даниел Медароски

**Фотографии**
Фотоархива на МЦМС

**Графички дизајн**
Кома лаб

**Печати**
Боро Графика

**Тираж**
1000 копии


Интегралниот текст на Годишниот извештај за работата на МЦМС и финансискиот извештај можете да го преземете од: www.mcms.org.mk

МЦМС